REPUBLIC OF MACEDONIA
AGENCY FOR ELECTRONIC COMMUNICATIONS

Dimitrie Cupovski 13
1000 Skopje
Republic of Macedonia
tel.: +389 2 32 89 200
fax: +389 2 32 24 611
contact@aec.mk

З А П И С Н И К

Од шестиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации што се одржа на 13.05.2013 година (понеделник) во 08:30 часот

Шестиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 13.05.2013 година (понеделник) во 08:30 часот во просториите на Агенцијата за електронски комуникации.

На состанокот присуствуваа:

1. Претседател на Комисијата г-ѓа Гордана Клинчарова,
2. Членот на Комисијата г-н Горан Велинов,
3. Членот на Комисијата г-н Петар Есмеров,
4. Членот на Комисијата г-н Славе Веловски,
5. Членот на Комисијата г-н Газменд Ајдини,
6. Директорот на Агенцијата за електронски комуникации г-н Роберт Орданоски,
7. Записничар г-н Владимир Ристевски,

На состанокот беше предложен и усвоен следниот дневниот ред:

1. Усвојување на записникот од петтиот состанок во 2013 година на Комисијата на АЕК и усвојување на дневниот ред за шестиот состанок во 2013 година.

   Записникот и дневниот ред беа едногласно усвоени.

2. Барање за измени и дополнувања на Финансискиот план на Агенцијата за електронски комуникации за 2013 година.

   Од страна на Директорот на АЕК беше презентирана одлуката за распределба на нереализираните средства од минатата година и предлог на измените на Програмата за работа на АЕК за 2013 година. Агенцијата за електронски комуникации со предложената измена на Годишната програма за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2013 година постапува по однос на член 26 од Законот за електронски комуникации со кој е определено дека нереализираните средства од годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации од претходната година, Агенцијата ќе ги пренесе во годишниот финансиски план за наредната година, при што може да одлучи тие средства или дел од нив да се искористат за развој на електронските комуникации за развој на електронските комуникации и информатичкото општество, како и за други работи од значење за Република Македонија.

Со предложената измена според Одлуката за распределување на нереализираните средства од Финансискиот план за минатата година се дава подршка на проекти за целосна дигитализација на производството и терастријален пренос на аудио визуелни содржини и исклучување на аналогниот терастријален пренос кој според одлука на Владата на Република Македонија треба да се случи на 01.06.2013 година. Со тоа се прави поддршка на развојот на нови технологии во електронските комуникации од особено значење за Република Македонија. Исто така за предложените измени беше побарано мислење од страна на Министерството за правда и Министерството за информатичко општество и администрација од кои беше добиено мислење дека постои законски основ за постапување по член 26 од Законот за електронски комуникации во овој случај.

По оваа дискусија беа одобрени измените на Годишната програма за работа на АЕК за 2013 година. Од страна на Комисијата беа задолжени стручните служби да ја достават измената на Годишната програма за работа до Собранието на Република Македонија на усвојување.

3. Барање на согласност за измени на Годишниот план за јавни набавки за 2013 година.

   По образложение од страна на Директорот, Комисијата даде согласност за измени на Годишниот план за јавни набавки за 2013 година.

4. Барање за обезбедување на јавна набавка на фиксни телефонски услуги.

   По објаснување на потребата од оваа набавка во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2013 година, Комисијата даде согласност за оваа набавка.

5. Барање на согласност за спроведување на јавна набавка на услуга од надзорен орган за изградба на антенски систем за контрола и мониторинг на радиофреквенции на територија на Република Македонија.

   По објаснување на потребата од оваа набавка во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2013 година, Комисијата даде согласност за оваа набавка.

6. Барање на согласност за спроведување на јавна набавка за хостирање и одржување на централен систем за преносливост на броеви.

   По објаснување на потребата од оваа набавка во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2013 година и во согласност со заклучоците и записникот од петтиот состанок на Комисијата на АЕК, Комисијата даде согласност за оваа набавка.

7. Барање на согласност за спроведување на јавна набавка за изработка на промотивна кампања и емитување на промотивна кампања.

   По објаснување на потребата од оваа набавка и целите кои сакаат да се постигнат, во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2013 година, Комисијата даде согласност за оваа набавка.

8. Барање на согласност за спроведување на јавна набавка за одржување на информатичка опрема.

   По објаснување на потребата од оваа набавка во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2013 година, Комисијата даде согласност за оваа набавка.

9. Разно.

Состанокот заврши во 12:00 часот.

Гордана Клинчарова, претседател

Горан Велинов, член

Газменд Ајдини, член

Славе Веловски, член

Петар Есмеров, член

Наш број _____

Скопје _____